Република Северна Македонија
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 04-637/1
28.07.2025 год.
ПРИЛЕП

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПД Прилеп**

Врз основа член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр. 27/14, 199/15, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и 275/19 и Сл.весник на РСМ бр.4/20, 215/21, 99/22 и208/24), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РСМ“ бр. 259/2024), како и Упатството за објавување и спроведување на интерен оглас, а во врска со Известувањето од Министерството за финансии на Република Македонија, број 19-5819/2 од 23.07.2025 година дека за унапредување на административни службеници во КПД Прилеп) **СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ** финансиски средства, КПД Прилеп објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 04-637/1 од 28.07.2025 година**
**за унапредување на 1(еден) административен службеник во КПД Прилеп**

КПД Прилеп објавува интерен оглас за унапредување на 1(еден) административен службеник на следното работно место:

**1.** УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за јавни набавки, во Одделение за јавни набавки Сектор за општи, рапвни работи и јавни набавки, 1 (еден) извршител.

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република С.Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

степен на образование : за В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, правни науки или јавна управа и администрација или економски науки.

- со или без работно искуство во струката.

**Општи работни комптенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работата од својот делокруг;

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски јазик).
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: Понеделник – петок;
- Работни часови неделно: 40
- Работно време од: 07:30 – 15:30 часот;

**Паричен нето износ на плата: 39.549,оо денари.**

Кандидатите за унапредување треба да ги исполнуваат општите услови и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во КПД Прилеп, како и:

-да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување;

-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

-да поминал најмалку 2(две) години на тековното работно место, и

-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Право на учество имаат сите административни службеници вработени во КПД Прилеп кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следните докази:

- Потврди за успешно реализирани обуки и/или
- Потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена сметано од денот на објавувањето на web страницата на Агенцијата за администрација и веб страната на Управата за извршување на санкциите.

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на КПД Прилеп.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување, се дисквалификува од понатамошната постапка.

Во прилог Ви доставуваме:

Во Комисијата за селекција за интерен оглас за унапредување за член и податоци за истиот за работното место Помлад соработник за јавни набавки, го номинираме следниот административен службеник:

1. Александар Гавриловски – Виш соработник во одделение за управување со човечки ресурси, со звање Виш соработник;

hrzatvorprilep@gmail.com, тел: 048/420-493; 076/659 159;

Во нашата институција во моментот нема Раководител ниту на Секторот ниту на Одделението каде што треба да се унапреди административниот службеник, ниту пак имаме друг вработен административен службеник во Одделението за човечки ресурси. Поради тоа бараме од Вас да номинирате Претседател, членови и заменици.

- Годишен план за вработување во КПД Прилеп за 2025 година;
- Правилник за систематизација на работните места во КПД Прилеп бр. 01-1752/3 од 29.11.2019 година и Согласност за примена бр. 12/6-4698/2 од 29.11.2019 година и и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во КПД Прилеп под број 04-1558/2 од 06.11.2020 (Копии);
- Позитивно мислење на годишен план за вработување за 2025 година на КПД Прилеп донесен од Министерство за јавна администрација бр.09-1854/2 од 29.04.2025 година (Копии);
- Известување од Министерство за финансии за обезбедени средства за вработување во тековната фискална година, бр. 19-5819/2; од 23.07.2025 година (Копија);

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**КПД Прилеп**

- Изјави за обезбедување на тајност и заштита на обработка на личните податоци, потпишани од страна на членот на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас (Копија);
- Решенија за овластување за вршење на обработка на лични податоци на членот на Комисијата за селекција на државен службеник (Копија);

**СОГЛАСЕН**
**ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР:**

**Диме Наумчески**

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

**ДИРЕКТОР:**

**Емил Јанески**

Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПД Прилеп
Ул. „Крушевски пат“ бб,Прилеп
Република Северна Македонија
+389 048 420 493
zatvorprilep@yahoo.com

Република Северна Македонија

Министерство за правда

Управа за извршување на санкциите

КПД Прилеп

**Казнено поправен дом Прилеп**

**ПРИЈАВА**

**За унапредување на административни службеници преку ИНТЕРЕН ОГЛАС**

Податоци за интерен оглас за унапредување на административни службеници

| | |
|---|---|
| Број на интерен оглас | |
| Шифра и назив на работно место за кое се пријавува кандидатот | |

Лични податоци на кандидатот

| | |
|---|---|
| Име и Презиме | |
| Тековно работно место, Шифра на работно место | |
| Работно искуство | |
| Податоци за оценување во последната година пред објавување на интерниот оглас | |
| Податоци за изречената дисциплинска мерка една година пред објавување на интерниот оглас ДА/(НЕ) | |
| Дополнителни документи | |

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, доставените докази верни на оригиналот и дека на барањето на надлежниот орган ќе доставам доказ, во оригинал или копија заверена кај нотар.

*Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дискфалификува од натамошната постапка*

Место и датум

Административен службеник

Име и презиме/потпис

____________________

____________________